Република Северна Македонија
Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка

Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка
Бр. 02-5/1
10.1 2019 год.

Врз основа на член 5 од Закон за основање на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на иснпекцискиот надзор и прекршочната постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.130/2014, 53/2016 и 11/2018) и член 25 од Деловникот за начинот на работата и одлучувањето на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка (бр.02-457/1 од 21.12.2018 година), Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка на седницата одржана на ден 10.01.2019 година, донесе:

# Дополнување на ДЕЛОВНИКОТ за начинот на работата и одлучувањето на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка

Член 1

Во Деловникот за начинот на работата и одлучувањето на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка бр.02-457/1 од 21.12.2018 година, членот 4 се дополнува со став (2) кој гласи:

Претседателот на Државната комисија може со овластување во писмена форма да делегира надлежности за постапување по прашања од тековното работење на Државната комисија на Заменик претседателот и на раководните административни службеници, освен оние кои согласно закон му се определени.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИСИЈАТА,**
**Елизабета Русеска**

Бр. 02-5/1
Скопје, 2019 година.



Скенирано со CamScanner